Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 112, 5 ноември 2013 година

ноември 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област трасфузиологија Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за зизбор на наставник во сите звања од наставно-научната област животна средина на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања од наставно-научната област животна средина на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно - научната област механика на карпи и тлото на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........28

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен вонреден професор во наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........34

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област моделирање симулација и анализа на комплексни контролни системи и компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........56

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето редовен професор за наставно-научната област физика и физика на кондензирана материја на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........67

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област менаџмент на економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 93

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Улогата на јавниот долг во јавните финансии" (скрипта) од авторот д-р Стеван Габер, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........117

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Осигурување" од авторите: проф. д-р Ристо Фотов Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и м-р Катерина Фотова, НЛБ-Тутунска банка ад Скопје ........121

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Проектен менаџмент" од доц. д-р Мишко Џидров и асс. м-р Емилија Ристова од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........124

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Интернет технологии" од авторот доц. д-р Наташа Коцеска од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........126

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........128

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „УЛОГАТА НА ЈАВНИОТ ДОЛГ ВО ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ“ (СКРИПТА) ОД АВТОРОТ Д-Р СТЕВАН ГАБЕР, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр. 1702 – 317/100 од 37. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 9.10.2012 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Ристо Фотов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
- доц. д-р Виолета Маџова, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

за изготвување на извештај / рецензија на приложениот ракопис со наслов „Улогата на јавниот долг во јавните финансии“ од авторот д-р Стеван Габер наменет за студентите од прв циклус студии при Економскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

По предлогот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет го поднесува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Во современата економска теорија и практика посебно внимание привлекува анализата на однесувањето на државите при проекцијата и реализацијата на буџетската политика, односно сè поголемиот осврт на дефицитниот начин на финансирање. Овој тренд и економската дилема за оправданоста на таквата постапка на државите во научните економски кулоари претставува вистински предизвик.

Во овој труд се настојува да се доловат значајни аспекти за јавниот долг, да се анализираат релациите помеѓу буџетскиот дефицит и јавниот долг, како и нивните ефекти врз економијата. Импликациите од дефицитното финансирање се многу важни за севкупната макроекономска стабилност. Една од основните карактеристики која ги приближува современите економии е токму константниот раст на буџетскиот дефицит и константниот раст на јавниот долг. Со овој труд се очекува да се појаснат и детерминираат областите и начините на кои овие инструменти на јавните финансии се рефлектираат врз економскиот систем.

Поинтензивниот државен интервенционизам во капиталистичките економии и државното влијание на основните макроекономски агрегати преку поголемите расходи за воени цели, истражувањата и развојот, интервенциите во земјоделското производство, стимулацијата на индустриското производство, изградбата на станови, образованието, здравството, социјалната помош за невработените, каматата на јавниот долг и слично, доведуваат до проширување на јавните расходи и сè поголеми потреби од извори на средства во формирањето на јавните приходи. Во трудот може да се согледа детерминантната улога на јавниот долг во натамошното одлучување на владите за покривањето на јавните расходи, како алтернативен извор на јавните приходи. Големината на јавниот долг е главно резултат на фискалните политики и дефицитите, додека пак управувањето со јавниот долг, исто така значаен сегмент од трудот, има влијание врз структурата на јавниот долг, а преку тоа и на отвореноста на економијата на пазарните ризици.

Скриптата „Улогата на јавниот долг во јавните финансии“ од д-р Стеван Габер претставува благороден обид материјата од предметот Јавни финансии да ја прикаже пореално и да ги нагласи комплексните аспекти на таквото финансирање.

Скриптата е подготвена за потребите на студентите од Економски факултет, конкретно за студиската програма на Финансиски менаџмент – Струмица, Финансиски менаџмент -

Кочани, Финансиски менаџмент – Радовиш (застапена во III семестар), Сметководство, финансии и ревизија (застапена во VII семестар) и Менаџмент и претприемништво (застапен во I семестар) со неделен фонд на 7 часови (3+2+2).

***Податоци за обемот на ракописот***

Проблематиката што е предмет на обработка во скриптата е претставена во текст од вкупно 125 страници, каде што се инкорпорирани и стотина релевантни библиографски единици, како периодични списанија и бројни интернет страници. Текстот во трудот е поткрепен со табели и графикони кои треба да помогнат во доближување и поедноставно преставување на материјата до студентите. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Ariel, големина на буквите 12. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***Податоци за постоење на ист или сличен наслов***

Рецензентите имаат сознание дека не постојат книги со наслов „Улогата на јавниот долг во јавните финансии“, но постојат книги со наслов „Јавни финансии“, кои повеќе или помалку ја покриваат наставната материја од областа на јавните финансии. Авторот третира мошне атрактивна и актуелна проблематика од областа на јавните финансии поврзана со анализата на ефектите од дефицитното финансирање врз макроекономските движења, која особено се истакна во скорешната економска криза и повторно го отвори прашањето за улогата на државата во пазарните економии.

Анализата на основните елементи на јавниот долг и ефектите од политиките на буџетски дефицит го потенцираат значењето на одговорната фискална политика при должничкото финансирање и потемелно нѐ запознава со карактеристиките и значењето на функционалните финансии. Предностите и недостатоците од државните интервенции се исправно детерминирани и анализирани низ призмата на ефектот на мултипликаторот, ефектот на истиснување на приватните инвестиции и ефектот на „дефицитите близнаци“. Тој, воедно, на едноставен начин ги доловува карактеристиките на различните економски теории поврзани со буџетскиот дефицит и јавниот долг, значењата на фискалните правила за водење на дисциплинирана фискална политика, како и нивната прагматична корелација.

Ваквиот покомплексен пристап кон материјата од сферата на јавните финансии го оправдува одобрувањето на скриптата, а едновремено го обврзува авторот така конципираниот материјал да го збогати и да го презентира во форма на учебник.

***Краток опис на содржината***

Во првото поглавје, *„Поим и значење на јавниот долг“*, авторот се фокусира на основните аспекти на јавниот долг и неговото значење за буџетското финансирање. Темелно не запознава и со различните видови на јавен долг, како и со техниките поврзани со емисијата на јавен долг.

*„Буџетскиот дефицит и јавниот долг во економската теорија“* е второто поглавје, кое става акцент на неколку позначајни теории на буџетски дефицит и на две концептуално различни теории за јавен долг. Современите сфаќања за буџетската рамнотежа во развиените економии се разликуваат од оние во класичната теорија поради ставот дека мора да се појави буџетска нерамнотежа (дефицит или суфицит), односно кога економските движења се одликуваат со нестабилност, независно дали се работи за инфлација или депресија, невработеност или ниска стапка на раст. Од тој аспект се анализира теоријата на цикличен буџет и циклична буџетска рамнотежа според која економскиот развој се одвива преку одредени циклични смени, фаза на конјунктура и фаза на рецесија (криза), што подразбира неможност во такви услови да се спроведува политика на годишна буџетска рамнотежа. Со теоријата на константен буџетски дефицит и функционалните финансии се анализира потребата за активна економска улога на државата во економијата, односно за развој на државниот интервенционизам преку продлабочување на нивото на јавните расходи, проследени со сѐ поразвиен јавен долг, кое доведува до појава на буџетски дефицит како

свесен одраз на таквата буџетска политика со што буџетот се трансформира во првокласен инструмент за стабилизација. Теоријата на стабилизациони буџети, која е под влијание на сè поголемите јавни расходи и поголемиот буџетски дефицит, повеќе се приближува на класичната теорија, иако не заговара едногодишна буџетска рамнотежа. Таа се заснова на два метода: метод на автоматски стабилизатори и метод на флексибилност. Од теориите на јавен долг се анализирани класичната теорија на јавен долг, која го прокламира ставот дека со јавниот долг се одвлекува капитал во државната благајна, капитал кој најрационално би бил искористен во приватниот сектор. Што се однесува до современата теорија на јавен долг позната како Рикардова еквиваленција, истата се развила како критика на класичната теорија и гледа пореално на јавниот долг. Всушност, Рикардо сметал дека наместо да се зголеми потрошувачката ќе се зголеми штедењето, при фигурирање на антиципативни личности кои го предвидуваат идното даночно оптоварување, притоа неутрализирајќи го ефектот на истиснување на приватните инвестиции. Овој економист сметал дека не постои разлика помеѓу финансирањето на дефицит преку намалување на даноците и преку задолжување.

Во третата глава од трудот, главната цел на авторот е да го прикаже концептот на дефицитно буџетско финансирање во фазата на експанзивна фискална политика со која се поттикнува потрошувачката и економскиот раст. Притоа, анализира два вида на дефицитно финансирање: задолжување и емисија на пари. Овде овој концепт не поаѓа од системот на покритие на буџетскиот дефицит, што е битно за емисијата на пари, стабилноста на економијата, формирањето на акумулации за развој и инвестиции. Всушност, во овој сегмент се прикажува резултатот од притисокот на државата на пазарот на капитал и нејзиното влијание врз движењата на каматните стапки, а од друга страна, ограничувањето на процесот на инвестирање поради растот на каматните стапки. Овој феномен на „истиснување на приватните инвестиции“ се посматра, од една страна, преку фактот што структурата на пазарот не се менува значајно, зголемената побарувачка за потрошувачка не е во состојба да создава доход, мултипликативните ефекти изостануваат (поради падот на инвестициите), принципот на акцелерација е лимитиран. Од друга страна, употребата на дефицитното финансирање за поттикнување на растот и извлекување на економијата од рецесија не може веднаш да се прекине, бидејќи се продолжува со покривањето на буџетските програми со што се навлегува во дефицитно финансирање и во тек на експанзивна фаза на економијата. Трето, константниот буџетски дефицит ја прави оваа политика нееластична, преку нееластични државни расходи, при што дефицитното финансирање ја продлабочува економската и финансиската нерамнотежа, доведувајќи до криза на државните финансии. Понатаму авторот го образложува покривањето на буџетскиот дефицит преку емисија на пари што доведува до пораст на паричната маса во оптек и до покренување на инфлаторната спирала на трошоците. Порастот на буџетскиот дефицит го забрзува растот на паричната маса, доведува до притисок на финансискиот пазар и раст на каматните стапки. Значи овде се согледува како дефицитното финансирање и политиката на скапи пари, насочена кон стабилност на цените во краток период, се во колизија. Претераното трошење на државата, порано или подоцна, доведува до високи реални каматни стапки, а во отворена економија и до висок реален девизен курс со цел да се одржи стабилноста на цените и платно - билансната рамнотежа. Со други зборови, покрај ефектот на истиснување на приватните инвестиции, подетално се согледуваат ефектите од мултипликаторот како позитивен ефект врз растот, ефектот врз девизниот курс кој во различни земји - различно реагирал и ефектот на „дефицити близнаци“ како забележителна појава во 80-те години на минатиот век во САД, односно дека политиката на буџетски дефицит водела кон неминовен трговски дефицит во платниот биланс.

Четврто поглавје, *„Фискалните правила како критериум за остварување на фискални цели“*, се фокусира на примената на фискални правила во буџетскиот процес, а кои се во насока на ограничување на политиката на растечки фискални дефицити. Започнува со објаснување на премисата дека правилата на буџетскиот процес имаат мултипликативни цели, кои ја детерминираат потребата да бидат анализирани од аспект на повеќе критериуми - едноставност, транспарентност, флексибилност, компатибилност со структурни реформи, но и примената на аналитички осврт на различните видови на фискални правила. Понатаму

се утврдува како одреден сет на правила може да го олесни економското закрепнување и растот преку одржување на долгорочна фискалната одговорност и одржливост и краткорочна макроекономска стабилност. Потоа се продолжува со анализа на мерките за алтернативна фискална контрола во согласност со овие и други критериуми, како што се способноста да се одржат цврсти операции на државата за да се постигнат долгорочно поставените политички цели, вклучувајќи го финансирањето на јавните инвестиции.

Петто поглавје, *„Буџетскиот дефицит и јавниот долг во Република Македонија“*, го содржи толкувањето на буџетската политика во период од неколку години наназад и утврдувањето на економските услови кога и од кои причини се водела политика на буџетски дефицит во Македонија. Посебно релевантно се смета толкувањето на ефектите од дефицитното финансирање и детерминирањето на сите претходно потенцирани негативни ефекти кои ги предизвикува јавниот долг со што се потврдуваат констатациите на претставниците на класичната теорија. Тука се мисли на ефектот на истиснување на приватните инвестиции преку порастот на каматните стапки, падот на штедењето, притисокот врз фиксниот режим на девизен курс и слично. Дополнителен момент претставува увидот во постепениот развој на домашниот пазар на хартии од вредност и неговата улога во движењата на пазарот на капитал.

## З А К Л У Ч О К

Значајноста на трудот на д-р Стеван Габер се огледа во пристапот и начинот на обработка на најделикатната материја од областа на јавните финансии – јавниот долг. Тој темелно ги анализира сите аспекти на финансирање на државата, последователните ефекти, фискалните правила со кои се настојува да се држи под контрола непродуктивното и расипничко трошење на владите и секако должничкото финансирање во Македонија и неговиот историјат проследен со ефектите од финансирањето на буџетските дефицити преку јавен долг.

Несомнено е дека таквата теоретска поставеност на трудот, проследена со практична елаборација на претходно опишаните појави, многу ќе им помогне на студентите за појасно да ги разберат и толкуваат суштинските проблеми од областа на јавните финансии.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Штип скриптата со наслов „Улогата на јавниот долг во јавните финансии” од д-р Стеван Габер да ја одобри за издавање.

Штип, 5.12.2012 година

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ристо Фотов, вонреден професор, с.р**
**Д-р Виолета Маџова, доцент, с.р**